Врз основа на член 142 став 6 и член 162 од Законот за јавни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17, 83/2018, 24/2019 и 64/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолен понудувач**

1. За најповолен понудувач, за набавка на стока – набавка на канцелариски материјал за потребите на Подрачните одделенија и Министерство за правда, согласно техничката спецификација во тендерска документација, се избра

„ Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје "

2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 2 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставената понуда од шест економски оператори и спроведената електронска аукција преку ЕСЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

*Одлучено во Министерството за правда под број 05-1912/15 на 23.04.2019 2019 година.*

*Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија преку Комисијата на јавни набавки на договорниот орган.*

*Доставено до:*
- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 05- 1912/13 од 12.04.2019 година*
*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*